Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

Извадок на дел од дневни настани 07.09.2020

На 06.09.2020 во 10.10 часот било пријавено дека на влез од с.Габревци, радовишко, 16-годишна малолетничка од с.Габревци, додека се возела на трактор „ИМТ 533", кој бил управуван од нејзиниот дедо Ѓ.А.(60) од истото село, паднала и била прегазена од полуприколката, по што починала на местото на настанот. Извршен бил увид на местото на настанот од Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Радовиш.

На 06.09.2020 во 21.15 часот на Граничниот премин „Деве Баир", при пасошка контролабило утврдено дека е извршено бришење на штембил во патната исправа на Б.А.(27) од Р.Албанија. Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа" тој бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 07.09.2020 во 03.30 часот било пријавено дека на крстосница од ул. „Борис Трајковски", ул.„Христо Татарчев" и ул.„Кумановска" во Велес се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „опел зафира" со велешки регистарски ознаки, управуван од С.Д.(23) од Велес и мопед „априлија" со велешки регистарски ознаки, управуван од 17 - годишна малолетничка од Велес. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила малолетничката, констатирани во Општата болница Велес. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Велес.

Во текот на 04, 05 и 06.09.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се 22 возила бидејќи биле нерегистрирани, 22 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило,16 возачи бидејќи управувале возила под дејство на алкохол, двајца возачи поради управување на возила со брзина поголема од дозволената, тројца возачи бидејќи поминале на црвено светло, четири возачи поради недавање првенство на минување на пешаци и 85 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 06.09.2020 полициски службеници од Полициската станица Штип ги лишиле од слобода И.Р.(26) и С.Д.(28), двајцата од Штип, затоа што кај нив била пронајдена прашкаста материја. Се работи на целосно расчистување на случајот, по што против И.Р. и С.Д. ќе биде поднесена кривична пријава.

На 06.09.2020 околу 20.00 часот на автопатот А1 Удово – Демир Капија, во тунелот Т2, се случила сообраќајна незгода во која патничко возило „опел астра" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.С.(24) од Скопје, се превртело, при што возачот се здобил со повреди и бил пренесен во болницата во Неготино. Извршен е увид на местото на настанот.

На 06.09.2020 во Полициската станица Свети Николе, К.С.(29) од с.Горно Црнилиште, светониколско, пријавил дека околу 07.40 часот покрај чешмата во с.Горно Црнилиште неговиот сосед И.Т. со два истрели од воздушна пушка му нанел повреди на неговото куче. Извршен бил увид на местото и по комплетирање на случајот против И.Т. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.09.2020 околу 03 ч. на ул.„Александар Урдаревски" во Скопје, полициски службеници го лишиле од слобода М.Д. (полициски службеник) затоа што при контрола на неговото возило „ауди" со скопски регистарски ознаки одбивал да даде документи за идентификација и се однесувал агресивно кон полициските службеници. Тој бил приведен во Полициското одделение Шуто Оризари, по што е известен Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди за натамошна постапка.

На 06.09.2020 во атар на с.Ветерско, велешко, покрај стариот пат Велес – Скопје, бил пронајден починат М.Г.(65) од с.Ржаничино – Петровец, кој бил пријавен дека се оддалечил од домот на 02.06.2020. Бил извршен увид на местото на настанот. По наредба на јавен обвинител телото било предадено на обдукција во Институт за судска медицина Скопје.

На 06.09.2020 во 12.45 часот, М.П.(73) од Скопје пријавила дека околу 12.00 часот на бул.„Јане Сандански" во Скопје била физички нападната од С.М.. Се работи на расчистување на случајот.

На 07.09.2020 во 00.30 часот било пријавено дека на ул.„376", по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу К.И.(38) и Б.И.(26), двајцата од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 06.09.2020 во 01.15 часот во СВР Струмица, А.В.(50) од Струмица пријавил дека двајца малолетници, кои ги превезувал со неговото такси возило, со закана со остар предмет му одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 07.09.2020 во 03.50 часот во СВР Скопје, А.С.(22) од Скопје пријавил дека околу 01.00 часот на крстосница од ул.„Димитар Благоев" со ул.„Ѓорѓи Андреевиќ Кун" две лица физички го нападнале и му одзеле пари, мобилен телефон и рачен часовник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет